интерно

**НЛБ Нов пензиски фонд АД Скопје**
**Сектор инвестиции**
Мајка Тереза бр. 1
МК-1000 Скопје, Р.Македонија
T: +389 2 5100 279
F: +389 2 3236 989
E: a.minevski@npf.com.mk
www.nlbnpf.com.mk

## Извештај за учество на акционерски собранија одржани во месец јули 2015

Извештајот се составува согласно **Правилникот за начинот на спречување на злоупотреба на информациите добиени како резултат на службената положба и за содржината и начинот на известување за трансакциите со хартиите од вредност.**

Во текот на месец јули 2015 година, се одржа акционерско собрание на **Тетекс АД Тетово.** Компанија во која ОЗПФ НЛБ Пензиски фонд поседува акции и согласно Правилникот имаат обврска за присуство и известување.

### 1. Тетекс АД Тетово

**Општ дел**

Општи податоци за акционерското друштво во чии акции се инвестирани средствата на ОЗПФ НЛБ Пензиски Фонд, за кои друштото има обврска за задолжително присуство.

**I.Тетекс АД Тетово**

| | | |
|---|---|---|
| *Име на акционерското Друштво* | **Тетекс АД Тетово** | |
| *Учество во вкупниот број на издадени обични акции на акционерското Друштво во %* | **2,58%** | Друштвото има обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Учество на инвестираните средства во вкупните средства на пензиските фондови во %* | **0,04%** | Друштвото нема обврска да учествува на Собранието на акционери |
| *Датум на одржување на Собранието* | 29.07.2015 година | |
| *Дневен ред на Собранието* | **Процедурален дел**<br>1. Отворање на Собранието;<br>2. Избор на претседавач на Собранието;<br>3. Избор на бројачи на гласови;<br>4. Избор на записничар и оверувачи на записникот. | |

НЛБ Нов пензиски фонд

| | |
|---|---|
| | **Работен Дел**<br><br>**1.** Донесување на Одлука за распоред на дел од нераспределената акумулирана добивка на Друштвото за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар. |
| *Претставници на Собранието* | Александар Миневски |

**I. Тетекс АД ТЕТОВО**

| ТОЧКИ НА ДНЕВЕН РЕД | НАЧИН НА ГЛАСАЊЕ |
|---|---|

Акционерското собрание на Тетекс АД Тетово се одржа на 29.07.2015 година со почеток во 12 часот во просториите на Друштвото, на адреса ул. Браќа Миладинови бр.1 Тетово.

Претставникот на НЛБ Нов Пензиски Фонд АД Скопје по точките од дневниот ред на седницата на Собранието на акционери на Тетекс АД Тетово гласаше на следниот начин:

**Процедурален дел**

1. Отворање на Собранието;
2. Избор на претседавач на Собранието;
3. Избор на бројачи на гласови;
4. Избор на записничар и оверувачи на записникот.

**Претставникот гласаше ЗА предлозите од процедуралниот дел**

**Работен Дел**

1. Донесување на Одлука за распоред на дел од нераспределената акумулирана добивка на Друштвото за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар.

**Претставникот ласаше ЗА**

**Кратка содржина на извештаите и одлуките од собранието на акционери на Тетекс АД Тетово:**

Откако се верифицираа учесниците на Собранието и се утврди дека се исполнети условите за одржување на акционерското собрание на Тетекс АД Тетово, се пристапи кон избор на Работни тела. На собранието беа присутни акционери кои поседуваа 66,16% од акциите со право на глас.

По гласањето за Процедуалниот дел, се пристапи кон утврдување и гласање по точките од Работниот дел.

Претставникот гласајќи “ЗА”, го поддржа донесувањето на одлуката од работниот дел на дневниот ред.

На Дневен ред на оваа акционерско собрани имаше една единствена точка за гласање т.е. акционерите гласаа за Предлог одлука за распоред на дел од нераспределената акумулирана добивка на Друштвото за исплата на дивиденда и утврдување на дивиденден календар. Одлуката беше едногласно усвоена од сите присутни акционери, односно се изгласа исплата на дивиденда, од акумулираните добивки до 31.12.2008 година, во бруто износ од 33,33 денари по акција.

Со исцрпување на Дневниот ред Претседателот на собранието го прогласи акционерското собрание за затворено.